**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлуката бр. 2002-57/45 и решенија бр. 2002-57/62, 63, 64 донесени на 134. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.2.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на за асистент-докторанд за научната област ***ортодонција*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- проф. д-р Марија Зужелова (претседател), редовен професор, област ортодонција;
- проф. д-р Стипица Поповски (член), вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, област ортодонција;
- проф. д-р Цена Димова (член), вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, област орална хирургија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 7-8.2.2015 година и во предвидениот рок се пријави помлад асистент д-р Ана Радеска-Пановска, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, особена чест и задоволство ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **помлад асистент д-р Ана Радеска-Пановска** е родена на 17 февруари 1982 година во Битола. Основно образование завршува во Демир Хисар со континуиран одличен успех 5,00, а средно гимназиско образование (природно-математичка насока) со континуиран одличен успех 5,00 во Битола. Во учебната 2000/2001 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на шестгодишни студии. На 2.2.2007 година ги завршува студиите со среден успех 8,51 и се стекнува со звањето дипломиран доктор по стоматологија. По завршување на приправничкиот стаж и полагање на државен испит се стекнува со работна лиценца за стоматологија. Од 2007 до 2008 година работи како стоматолог во ПЗУ „Ан-Ел дент“ во Демир Хисар, а од февруари 2009 година до август 2009 година како стручен соработник од областа на стоматологијата во „Велидент трејд“ во Скопје. Во периодот од декември 2009 година до август 2011 година работи на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип како демонстратор-волонтер од формирањето на студиските програми по стоматологија и стручни студии за забни техничари-протетичари.

Во мај 2011 година се запишува на специјализација по ортодонција на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и сите предвидени турнуси и колоквиуми од програмата ги реализирала и положила специјалистички испит на 11.7.2014 година и се стекнала со звање специјалист ортодонт.

Во август 2011 година д-р Ана Радеска-Пановска е избрана за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, при што се вработува како соработник - помлад асистент на Студиската програма по стоматологијата и на Високата здравствена школа за стручни забни техничари – протетичари.

Во 2012 година се запишува на трет циклус студии - докторски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа на ортодонцијата под менторство на проф. д-р Мира Јанкуловска. Сите испити ги положува во предвидениот рок со просек 9,83 и во моментот пишува пријава за одбрана на докторската дисертација.

Активно се служи со англискиот јазик.

***II. Законски и правилнички услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звањето асистент-докторанд (чл. 125-а од ЗВО и чл. 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД)***

1. Завршен втор циклус студии од соодветното научно подрачје – кандидатката д-р Ана Радеска-Пановска има завршено **шестгодишни студии** на Стоматолошкиот факултет (еквивалент на **360 ЕКТС**). **Завршена специјализација од областа на ортодонција каде што се стекнува со звање специјалист ортодонт. Студент е на трет циклус студии од областа на ортодонцијата.**
2. Остварен просечен успех од најмалку 8,50 на студиите на прв и втор циклус студии, за секој циклус посебно: кандидатката има **среден успех од 8,51.**
3. Познавање од англиски јазик кое се докажува со меѓународно признаена потврда и тоа – TOEFEL - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, IELTS - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, TOLES - базично познавање (Foundation level), ILEC - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1) – кандидатката д-р Ана Радеска-Пановска има поднесено валиден **меѓународен Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик, ниво Б1.**
4. Покажува способност за наставно - научна дејност и педагошка работа – кандидатката Радеска-Пановска има приложено две препораки од професори за соодветната научна област за која се врши изборот.
5. Има објавено **три научни труда /статии во домашни или меѓународни списанија** (од реф. 15 до 17 - автор е на сите три - <u>минимум потребен е еден</u>):

***III. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)***

Уште со вработувањето на Факултетот за медицински науки, д-р Ана Радеска-Пановска активно е вклучена во едукативниот процес, во изведувањето на вежбите за поголем дел од стручните предмети од областа на стоматологија, односно стоматолошка протетика.

Како помлад асистент е евидентно нејзиното поседување на висок степен на теоретска и стручна подготвеност, изграден висок педагошки приод во презентирањето на наставната програма, со помош на едноставен и јасен начин ги презентира методските единици од програмата на вежбите по стручните предмети на студиските програми Стоматологија и Стручни студии за забни техничари – протетичари. Во учебните години 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 ја реализирала практичната настава по следниве предмети на студиската програма Стоматологија:

– Анатомија на вилици и дентална морфологија (2+3+1),
– Гнатологија (2+2+1)
– Ортопедија на заби и вилици 1 (2+2+1),
– <u>Основи на ортопедија на заби и вилици</u> (2+1+2),
– Ортопедија на заби и вилици 2 (2+2+1)

Во учебните години 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 ја реализирала практичната настава по следниве предмети на стручните студии за забен техничар протетичар:

– Анатомија на вилици и дентална морфологија (2+4+1),
– Ортопедија на заби и вилици (2+2+1)
– Гнатологија (2+2+1)
– Гнатологија (2+1+1),

Како млад истражувач во 2014 г. вклучена е во научноистражувачкиот тим (Ковачевска И. и сор.) за изработка на националниот научноистражувачки проект под наслов „Анализа и процена на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација (Evaluation of different guttapercha techniques for root canal obturation.)" , со поддршка на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Објавени научни и стручни трудови** (учество на конгреси, конференции и семинари од <u>областа на ортодонцијата</u>, кратка научна евалвација, со посебен осврт на научните квалитети на истиот):

1. **Radeska A,** Radeski J, Zlatanovska Katerina, Papakoca K, Zarkova J. Treatment with active orthodontic mobile appliance in adult patient. 17th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS 2012, Developing of Dentistry, Tirana, Albania, 3-6 May 2012:122

Авторите на овој труд ја покажаа ефикасноста на мобилните плочести апарати кај повозрасен пациент. Ова е клинички случај од 25-годишен пациент со прогенија третиран во тек на 18 месеци со активен мобилен апарат. По третман е воспоставена нормална функција и е постигнат задоволителен естетски резултат.

***Трудот поседува стручна и апликативна вредност.***

2. **Radeska A,** Radeski J, Zlatanovska Katerina**.** Orthodontic – prosthetic treatment of adult patients with forced. Macedonian Orthodontic Society, Second International Congress, Skopje, 17-20 May 2012:60

Во трудот е опишана важноста на интердисциплинарна соработка помеѓу ортодонтот и протетичарот во решавање на принуден проген загриз со билатерална хиподонција на максиларни секачи кај возрасен пациент. Пациентот е третиран со активен мобилен апарат со билатерален нагризен гребен и спуштен лабијален лак. По завршувањето на ортодонтскиот третман пациентот успешно е протетски рехабилитиран.

***Трудот поседува стручно-научна и апликативна вредност.***

3. **Радеска А,** Пановски К, Златановска Катерина**,** Папакоча К, Поповски С. Што се мобилни плочести апарати, предности и недостатоци. Научно-стручен собир на Факултетот за медицински науки, Штип, Македонија, 21 дек 2012, стр. 26-27.

Мобилни ортодонтски апарати, по дефиниција, се ортодонтски апарати кои можат да бидат поставувани и отстранувани од устата на пациентот од страна на терапевтот и од страна на пациентот. Од спроведените пребарувања на соодветна литература заклучивме дека мобилните ортодонтски апарати се одлично решение за ортодонтски аномалии и во трите дентиции, но сепак нивното дејство е ограничено до врв на пубертет.

***Трудот има стручна и апликативна значајност***

4. Поповски С., **Радеска А.,** Современ ортодонтски пристап за убава насмевка. Научно-стручен собир на Факултетот за медицински науки, Штип, Македонија, 21 декември 2012 г.

Колку е важна насмевка? Што ќе биде првото нешто што се бараа кај лице од спротивниот пол; совршено тело, идеална чувство за мода, пирсинг? Или можеби една убава насмевка? Според истражувањето, насмевка може да значи до седумнаесет различни нешта и тоа кај мажите и кај жените толкување на овие насмевки се поинакви. Исто така, квалитетот на насмевката кај лицето зависи од тоа колку често тоа се насмевнува. Значи, колку е важна насмевката? Многу?

***Трудот има стручна и апликативна значајност.***

***Учество на конгреси од други научни области:***

Dimova, Cena and Evrosimovska, Biljana and **Radeska, Ana** and Papakoca, Kiro and Pandilova, Maja and Miteva, Nina (2012) *Evaluation of antibiotic prophylaxis and postoperative complications after impacted third molar <u>surgery.</u>* In: Macedonian Orthodontic Society, Second International Congress, 17-20 May 2012, Skopje.

Papakoca, Kiro and Dimova, Cena and Papakoca, Gordana and **Radeska, Ana** and Stefanova, Emilija (2012) *Control of vertical alveolar ridge resorption*. In: Macedonian Orthodontic Society Second International Congress, 17-20 May 2012, Skopje, R. Macedonija.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.122 од 15.4.2014 г. (реф. 23)**

Zarkov*a, Julija and Popovska, Lidija and* **Radeska, Ana** *(2012) Indirect ceramic inlay restorations*. In: 17th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS 2012, Developing

of Dentistry, 3-6 May 2012, Tirana, Albania. **Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 1)**

Papakoca, Kiro and Dimova, Cena and Kovacevska, Ivona and Papakoca, Gordana and **Radeska, Ana** (2012) *The use of diode laser in dentistry - two cases report*. In: 17th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS 2012, Developing of Dentistry, 3-6 May 2012, Tirana, Albania.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.122 од 15.4.2014 г. (реф. 22)**

Papakoca, Kiro and Dimova, Cena and **Radeska, Ana** and Zlatanovska, Katerina and Zarkova, Julija and Naskova, Sanja (2012) *Аугментација на ресорбирани алвеоларни гребени и реконструкција со дентални импланти приказ на случаи*. In: 6th Macedonian Dental Congress with International Partipation, 24-27 May 2012, Ohrid, Macedonia.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.122 од 15.4.2014 г. (реф. 24)**

Papakoca, Kiro and Dimova, Cena and Papakoca, Velko and Zarkova, Julija and **Radeska, Ana** (2012) *Предности при користење на алвеоларна коскена аугментација пред поставување на дентален имплант – приказ на клинички случај.* In: Научно - стручен собир Факултет за медицински науки, 21 Dec 2012, Stip, Macedonia.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.122 од 15.4.2014 г. (реф. 27)**

Zlatanovska, Katerina and Dimova, Cena and **Radeska, Ana** and Zarkova, Julija and Papakoca, Kiro (2012) *Современи естетски решенија – порцелански фасети*. In: Prv naucen simpozium na FMN, 21 Dec 2012, Stip, Macedonia.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 1)**

5. Zlatanovska Katerina, Zarkova J, **Radeska A**, Papakoca K, Kovacevska I, Popovska L. Esthetic restoration without preparation (case report). 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 Apr 2013:465

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 2)**

Zarkova, Julija and Zlatanovska, Katerina and **Radeska, Ana** and Papakoca, Kiro and Foteva, Katerina (2014) *Solution for multiple diastemas ( a case report).* In: 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), 24-27 Apr 2014, Belgrade, Serbia.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 5)**

Zlatanovska, Katerina and Zarkova, Julija and **Radeska, Ana** and Papakoca, Kiro and Dimova, Cena (2014) *Prevalence and morphological variability of torus palatanus and torus mandibularis*. In: 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), 24-27 Apr 2014, Belgrade, Serbia.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 3)**

***Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници од областа на ортодонцијата***

6. **Радеска А,** Поповски С, Златановска Катерина, Заркова Ј. Ризици во тек на ортодонтскиот третман - I дел. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип 2013, 8(18):27-28. ISSN 1857-5994

Ортодонтскиот третман треба да биде во корист на пациентот, затоа предностите кои ги овозможува треба да ги надминат евентуалните оштетувања кои истиот може да ги предизвика. Важно е да се процени ризикот на ортодонтскиот третман од една страна, како и потенцијалната добивка од друга страна и да се урамнотежат овие два аспекти на третманот пред да се донесе одлука за да се лекува некоја малоклузија. Ризиците од ортодонтскиот третман се поделени во повеќе групи, како: интраорални, екстраорални и системски.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 20)**

***Трудот има стручн-научна и апликативна важност.***

7. **Радеска А**, Поповски С, Златановска Катерина, Заркова Ј. Ризици во тек на ортодонтскиот третман – II дел. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип 2014, 9(19):27-28. ISSN 1857-5994.

Ортодонтскиот третман треба да биде од корист на пациентот, затоа предностите кои ги овозможува треба да ги надминат евентуалните оштетувања кои истиот може да ги предизвика. Важно е да се процени ризикот на ортодонтскиот третман од една страна, како и потенцијалната добивка од друга страна и да се урамнотежат овие два аспекти на третманот пред да се донесе одлука да се лекува накоја малоклузија. Ризиците од ортодонтскиот третман се поделени во повеќе групи како: интраорални, екстраорални и системски ризици.

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 (реф. 22)**

***Трудот поседува стручно-научна и апликативна вредност.***

8. **Радеска А.,** Генетски дентални абнормалности. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 13 pp. 26-27 ISSN 1857-5994

Авторот на овој труд ја прикажал поврзаноста на денталните аномалии со генетската предиспозиција. Со многу досегашни испитувања и опсервации е откриено дека наследноста игра важна улога во етиологијата на многу различни аномалии на забите како и малоклузии, особено кај II и III класа по Angle. Неправилностите на забите кои се смета дека се асоцирани со наследноста се: хиподонција (hypodontia), хипердонција (hyperdontia), малоклузија II класа, малоклузија III класа. (1) ***Трудот поседува стручно и апликативна значајност.***

***Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници <u>од други области</u>***

Zarkova, Julija and Zlatanovska, Katerina and **Radeska, Ana** (2012) *Атипична одонталгија(фантомска забоболка).* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип (15). pp. 28-29. ISSN 1857-5994

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 21)**

Zlatanovska, Katerina and **Radeska, Ana** and Zarkova, Julija (2012) *Миофацијален болен дисфункционален синдром*. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 3 (15). pp. 27-28. ISSN 1857-5994

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 18)**

Zlatanovska, Katerina and **Radeska, Ana** (2012) *Стоматопротетски третман кај повозрасната популација*. Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 7 (14). p. 29. ISSN 1857-5994

**Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр.135 од 3.11.2014 г. (реф. 17)**

***IV. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА + ОР)***

***Учество на научни конференции, стручни расправи, симпозиуми, собири, промоции и трибини:***

– 17th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS) Tirana, Albania, 3-6 May 2012.
– 2nd International congress of Macedonian Orthodontic Society, Skopje, Macedonia,17-20 May 2012.
– 6th Macedonian Dental Congress with International participation, Ohrid, Macedonia, 24-27 May 2012.
– Научно - стручен собир на Факултетот за Медицински науки Штип, 21 декември 2012.

- Практичен и теоретски курс IMPLA SYSTEM, Скопје, 2012.
- Школа за практикување медицина базирана на докази, Штип, 2012.
- 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 Apr 2013.
- 19th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS, Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014.
- Научен симпозиум „Медицина и стоматологија базирана на докази", Штип, 2014.

***Д-р Ана Радеска-Пановска рисуствувала и на следниве меѓународни симпозиуми и конгреси:***

- „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата", Стоматолошки факултет – УКИМ, Скопје, 2010.
- „21 век – Нови предизвици за стоматолошката пракса", Стоматолошки факултет – УКИМ, Скопје, 2010.
- " Фацијални асиметрии, Ортодонтски-хируршки аспект", Здружение на ортодонтите на Република Македонија, Скопје, 2010.
- IV Меѓународен стоматолошки симпозиум, ЗПДСМ РО Битола, 2010.
- Современите дострели во стоматолошката пракса, Здружение на општи стоматолози при МСД, Скопје, 2011.
- „Од колеги за колеги", есенски семинар, Здружение на ортодонти, Маврово, 2011.
- - „Современи доктрини во секојдневната стоматолошка пракса", Струмица и Битола, 2011.
- „Детекција, превенција и третман на импактирани заби", Здружение на ортодонти на Македонија, Скопје, 2011.
- - Pre-congres course "Control of high Angle malocclusion", Lecturer d-r Derec Mahony ,2nd International congress of Macedonian Orthodontic Society, Skopje, Macedonia,17-20 May 2012.
- Post-congress course "Orthodontics as a part of integrated interdisciplinary treatment", Lecturer prof. d-r Martina Drevensek, 2nd International congress of Macedonian Orthodontic Society, Skopje, Macedonia,17-20 May 2012.
- eCligner certification course qualified to apply the eCligner system for patient treatment, 2nd International congress of Macedonian Orthodontic Society, Skopje, Macedonia,17-20 May 2012.
- „Современи аспекти во терапијата на ортодонтските аномалии", Дојран, 2014.

***Членство во организации, работни тела и комисии:***

- Стоматолошка комора на РМ;
- З.Г Стоматолошко здружение на Македонија;
- 2012- Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
- 2012- Член на Организациониот одбор на Вториот меѓународен конгрес на Здружението на ортодонти на Македонија;
- 2014 – Учесник во Организациониот одбор за Научниот симпозиум: „Медицина и стоматологија базирана на докази" УГД – ФМН, Штип.

***VI. Други достигнувања***

**Странски јазици**: група јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски); англиски јазик (активно)

**Компјутерски вештини**: работа со Microsoft Office (MS Word, Power Point, Excel Publisher, CorelDRAW, Paint).

**Останати компетенции**: Возачка дозвола – Б категорија; тимска работа, желба за учење, флексибилност, етичност итн

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката д-р Ана Радеска-Пановска ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во наставно - научно звање асистент-докторанд.

Д-р Ана Радеска-Пановска по изборот за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има покажано голема активност во полето на наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) активност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа го надминува потребниот квантум за да биде избрана во наставно-научно звање асистент-докторанд.

Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката **д-р Ана Радеска-Пановска да биде избрана за асистент - докторанд за наставно-научната област ортодонција / поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Зужелова, с.р.**
**Проф. д-р Стипица Поповски, с.р.**
**Проф. д-р Цена Димова, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Ана Радеска-Пановска при избор во звање асистент-докторанд за научната областа ортодонција, според единствените критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за периодот 2011-2014 г.**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност (НО) | Поени |
|---|---|---|
| | **Избран звање помлад асистент** | **10** |
| | Вкупно | **10** |

| Ред. бр. | ***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)*** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | Вкупно |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство<br>**Постер:**<br>(во странство: 1,7,8,13,14)<br>(во земјава: 2,5,6,9, 12) | **5** | **1** | **5** | **1,5** | **12.5** |
| 19. | **Член на организационен или научен одбор на научен собир**<br>**(Научен симпозиум:** „Медицина и стоматологија базирана на докази" ФМН, УГД)<br>**Втор меѓународен конгрес** на Здружение на ортодонти на Република Македонија | **2** | **1** | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **14.5** |

| Ред. бр. | ***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)*** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | Вкупно |
| 5. | **Труд во стручно (научно-популарно) списание**<br>(во земјава: 15-20) | **6** | **2** | | | **12** |
| 8. | **Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)**<br>**Постер**: (во земјава: 3,4,10,11) | **4** | **0,5** | | | **2** |
| 13. | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти)**<br>2014 – Evaluation of different gutta-percha techniques for root canal obturation | **1** | **5** | | | **5** |
| 27. | **Член на универзитетски или владини тела**<br>2012/13; - Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип | **1** | **2** | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **21** |
| | **Вкупно бодови од сите области** | | | | | **45.5** |